НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ГРАЃАНСКА КУЛТУРА

СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, септември 2008

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: | 02.10.2008 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 6472 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ” бр. 58/00 и 44/02) член 21 Законот за средно образование („Сл. весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08 и 92/08), министерот за образование донесе наставна програма по предметот *граѓанска култура* за IV година за економска, правна и трговска струка во средното стручно образование.

# 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

## 1.1. Назив на наставниот предмет: Граѓанска култура
## 1.2. Образовен профил и група струки

1.2.1. Економска, правна и трговска

1.2.2. Образовен профил: Економски асистент, правен асистент, државен секретар, асистент за трговија и маркетинг.

## 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Општо образовен

## 1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Четврта година

## 1.5. Број на часови на наставниот предмет:

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

## 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Општата цел на наставата по граѓанска култура е учениците да стекнат знаења од областа на граѓанската култура и да формираат и да ги развиваат личните ставови во врска со учеството во граѓанскиот живот и јавната политика.

Од општата цел произлегуваат и следните конкретни цели:

***учениците да знаат:***:

- кому му припаѓа власта во демократијата;
- кои се битните карактеристики на демократијата;
- зошто се потребни изборите и начинот на нивното спроведување (изборното однесување);
- да ги почитуваат демократските вредности;
- кои се нивните права и како да ги заштитуваат;
- која е улогата на граѓанинот во демократското општество;
- да учествуваат во донесувањето на одлуките на Владата;
- како се решаваат конфликтите во демократските општества.

***учениците да се оспособат за***:

- критичко размислување;
- проценка на информации од различни извори;
- заклучување;
- заземање и одбрана на ставови;
- комуникација, активно слушање, соработка со луѓе;
- мирно и праведно решавање на конфликти;
- постигнување на договор.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА Биро за развој на образованието * СКОПЈЕ * 1

***учениците да формираат ставови кон***:

- одговорноста и самодисциплината;
- почитувањето на човековото достоинство и различното мислење;
- учеството во донесување на заеднички одлуки;
- почитувањето на законот;
- владеењето на мнозинството и почитувањето на правата на другите;
- личниот интерес и општата благосостојба;

РЕПУБЛИКА ... МИНИСТЕРСТВО ЗА О... Биро за развој ... СКО...

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешна реализација на програмата потребни се знаења од ***социологија***, ***економската*** и ***правната група*** стручни предмети, како и информации од секојдневниот општествено-политички живот.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### Структурирање на содржините за учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички препораки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. Демократија**<br><br>- Демократија наспроти диктатура и анархија<br><br>- Демократски вредности (слобода, одговорност, правед-ност, еднаквост, зако-нитост)<br><br>- Демократија во РМ<br><br>- Избори и изборно однесување<br><br>- Владеење на мнозинството и зашти-та на малцинствата | **18** | Учениците:<br><br>- да ги идентификуваат разликите меѓу демократија, диктатура и анархија.<br><br>- да се запознаат со основните демократски вредности;<br><br>- да ја објаснат потребата од демокра-тизација на македонското општество;<br><br>- да знаат за значењето на изборите и за начините на нивното спроведување (изборното однесување);<br><br>- да заклучат како преку принципот “владеењето на мнозинството и заштита на малцинствата” граѓаните донесуваат политички одлуки; | - Работа во групи: учениците идентификуваат недемократски постапки на власта и предлагаат конструктивни критики;<br><br>- Работа во групи: учениците го толкуваат значењето на секоја од демократските вредности (слобода, одговорност, превед-ност, еднаквост, јавност, закони-тост) за на крај преку дискусија да заклучат дека тие се комплементарни.<br><br>- се изработуваат шеми за структурата и поделбата на власта во Р.Македонија; | -Граѓанска култура во седмо и осмо одделение;<br><br>- Устав на РМ<br><br>-Уставно право<br><br>-Граѓанско образование во стручни училишта |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Демократска држава, сувереност, власт<br><br>- Власт и поделба на власта<br><br>- Нивоа на власт<br><br>- Владеење на правото и правна држава<br><br>- Јавност и јавно мислење: јавен и приватен живот<br><br>- Граѓанско содружништво: поим и елементи<br><br>- Информирањето во демократското општество | | - да сфатат каква е корист од тројната поделба на власта во демократската држава;<br><br>- да објаснат зошто е потребно владеење на правото во демократијата;<br><br>- ги разбираат основните карактерситики на власта и нејзиниот суверенитет;<br><br>- да прават разлика меѓу јавна и приватна сфера од животот;<br><br>- умеат да ја објаснат врската помеѓу власта и јавното мислење;<br><br>- да ја аргументираат потребата од постоење на граѓански здруженија;<br><br>- да ја објаснат улогата на масовните средства за информирање во демократијата;<br><br>- сфаќаат дека во демократијата сите граѓани имаат еднаква заштита пред законот; | - се анализираат содржини од дневниот печат кои се однесуваат на работата на владата и нејзините институции;<br><br>- организира дебата со стручни лица за бројот и причините на изречени обвиненија против граѓани во Р. Македонија;<br><br>-преку примери се идентификуваат недемократски постапки на власта;<br><br>- ги запознаваат истражувачките техники кои најчесто се употребуваат за испитување на јавното мислење;<br><br>- се организира мини истражување на тема избрана од учениците;<br><br>- се посочуваат примери на граѓанско содружништво и се води разговор за целите, потребите кои граѓаните ги задоволуваат преку нив; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Улогата на масмедиумите во демократијата<br><br>(разновидност, слобода,независност, одговорност, точност на информациите) | | - знаат за местото и улогата на волонтаризмот, непрофитноста, милосрдието, невладиното и неполитичко организирање во демократското општество.<br><br>- го определуваат значењето на масмедиумите за функционирањето на демократијата;<br><br>- ја оценуваат објективноста на масмедиумите при информирањето; | - се следи актуелна информација од неколку ТВ куќи и весници и се прави анализа на коментарите за истата. Информациите се споредуваат, а потоа преку дебата и се изведуваат заклучоци: која од новинарските куќи најобјективно ја пренела информацијата и зошто. | |
| **2. Граѓанственост и граѓански права и одговорности** | | | | |
| - Човекот како граѓанин<br><br>- Човекови права: поим, општествена смисла, потеклото и развојот на идејата за човековите права<br><br>- Меѓународна димензија на човековите права | **15** | -Умеат да ги идентификуваат карактеристиките на граѓанинот и граѓанственоста (граѓански статус, граѓански улоги, граѓански права, граѓански слободи и одговорности);<br><br>- го објаснуваат потеклото и развојот на човековите права;<br><br>- ја разбираат меѓународната димензија на човековите права;<br><br>- умеат да го објаснат значењето на личните права и слободи; | -Анализирање примероци од дневен печат и идентификување ситуации во кои е дефиниран граѓански статус, претставени граѓански улоги, остварени или нарушени граѓански права, слободи и одговорности;<br><br>- анализирање избрани трудови во кои е претставена идејата за човековите права; | - Историја<br><br>- Граѓанско образование за стручни училишта<br><br>- Устав на РМ<br>- Универзална декларација за човекови права |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Лични права и слободи<br><br>- Политички права и слободи<br><br>- Социјални, економски и културни прва и слободи<br><br>- Правата и слободите и општествениот развој<br><br>- Граѓанска лојалност, граѓанска доблест<br><br>- Карактеристики на добар граѓанин (знаења, способности и ставови и кои треба да ги поседува граѓанинот)<br><br>- Човековите права во Република Македонија | | - прават разлика меѓу личните, политичките, економските, социјалните и културните права и слободи;<br><br>- ја согледуваат поврзаноста помеѓу човековите права и слободи и општествениот развој;<br><br>- ја разбираат потребата од почитувањето на човековите права во демократските општества;<br><br>- објаснуваат зошто во демократските општества е потребна лојалност на граѓаните кон уставниот поредок;<br><br>- наведуваат примери од историјата поврзани со борбата за остварување на човековите права и слободи;<br><br>- ги идентификуваат карактеристиките на еден граѓанин;<br><br>- се самопроценуваат дали поседуваат карактеристики на граѓанин.<br><br>- да се запознаат со законите кои ги третираат човековите права во Република Македонија. | - работа во групи: анализирање на универзалната декларација за човекови права;<br><br>- составување листа од човековите права и идентификување и класифицирање според видот;<br><br>- примери за третманот на човековите права и слободи низ историјата;<br><br>Преку разговот се наведуваат примери на нелојални граѓани Пример: дали со неподмирувањето на даночните обврски кон државата, граѓаните покажуваат нелојалност;<br><br>- видеопроекција на филмот: "Амистат" од режисерот Стивен Спилберг и организирање дебата;<br><br>- работа во групи: учениците ги идентификуваат знаењата, способностите и ставовите кои треба да ги поседува еден граѓанин. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3. Граѓанското општество- промени и предизвици** | 9 | | | |
| - Население, структура, движење на населението<br><br>- Демографска политика<br><br>- Планирање на семејството<br><br>- Стареење на населението, невработеност, богатство наспроти сиромаштија;<br><br>- Нови социјални движења (женски, феминистички, еколошки, мировни движења)<br><br>- Хуманитарно дејствување | | - да ги согледуваат последиците од брзиот раст на населението на земјата;<br><br>- да ја сфатат поврзаноста помеѓу наталитетот, морталитетот и прирастот;<br><br>- да го развијат чувството на планирање на семејството;<br><br>- да ги согледаат последиците од ниският наталитет во однос на стареењето како и последиците од високиот наталитет во однос на можностите за вработување;<br><br>- да ги пронајдат причините за невработеноста и да размислуваат за изборот на своето занимање, како и за самовработување;<br><br>- да ги објаснуваат причините за појавата на нови социјални движења (женски- феминистички, еколошки и мировни движења)<br><br>- да развиваат активен однос и разбирање за специфичните потреби на старите лица, хендикепирани и др., социјално загрозените и групите на кои им е потребна помош; | - се анализираат статистички податоци за демографските процеси во Р.Македонија (наталитет, морталитет, старосна структура на населението), а потоа се води разговор;<br><br>- работа во групи: изработка на стратегија за планирање на семејството во Р.Македонија;<br><br>- се организира дебата за причините на невработеноста во Р.Македонија<br><br>- мини истражување: се изготвува проектна скица како да им се помогне на старите и хендикепираните лица;<br><br>- се организира средба со претставници на некое социјално движење во Р.Македонија за да можат учениците да се запознаваат со нивните програми за работа, дејствување и сл. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | - се организира работилница за штетните последици од глобалното затоплување;<br><br>- се анализираат и коментираат информациите добиени од веб страниците на некои мировни движења во светот. | |
| **4. Конфликтите во граѓанското општество и нивно разрешување**<br><br>- Социјален конфликт<br><br>- Конфликти во општеството и меѓуоп-штествени конфликти<br><br>- Насилство и ненасил-ство, тероризам и антитероризам<br><br>- Справување со конф-ликтите<br><br>- Постконфликт<br><br>- Мир и толеранција | 10 | - да ги знаат причините за настанување на социјален конфликт;<br><br>- да умеат да идентификуваат внатреопштествени и меѓуопштествени конфликти и да ги знаат последиците од нив;<br><br>- да прават разлика помеѓу насилство и ненасилство, тероризам и антитеро-ризам;<br><br>- да умеат да идентификуваат причини за судир помеѓу претставници од различни култури;<br><br>- да ги знаат начините за справување со конфликтите во граѓанските општества и меѓу нив;<br><br>- да умеат да определат постконфликтна состојба во општеството; | - Посочување состојби на соци-јален конфликт во општеството;<br><br>- следење на филмско остварување со конфликтна тематика и искажаување на своето мислење;<br><br>- организирање работилници на тема: “Насилството и тероризмот денес”<br><br>- проблемска ситуација: се бара од учениците да предложат решение за намалување на насилството во училиштата | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. Глобализација на општествата**<br><br>- Нација, национализам и граѓанството<br><br>- Меѓународно економско поврзување<br><br>- Обединетите нации<br><br>- Невладини агенции на поврзување<br><br>- Други интернационални организации | 14 | - да практикуваат демократско донесување на решенија кои придонесуваат за разрешување на конфликти;<br><br>- да стекнуваат искуства за преземање на социјална одговорност;<br><br>- познаваат излезни стратегии за враќање на социјалната доверба;<br><br>- да ги идентификуваат причините за глобализација на светот;<br><br>- да ги сфатат процесите на постоечкото поврзување на народите во меѓународната заедница со почитување на меѓусебните разлики и интереси;<br><br>- да ги објаснат потребите за економското и културно поврзување на народите;<br><br>- да се запознае со улогата на ООН и нејзините агенции и меѓународните невладини организации за регионално поврзување; | - се организира дебата: како ја замислуваме Европа без граници;<br><br>- се анализираат меѓународни документи - Пакт за стабилност, Повелба на ООН, и сл.;<br><br>- организирање работа во групи; изготвување шематски приказ за организацијата и функционира-њето на ЕУ;<br><br>- преку кусо предавање наставникот им ја објасува на учениците идејата на Конрад Аденауер, Винстон Черчил, Робер Шуман, за создавањето на новиот европски поредок-обединета Европа;<br><br>- изготвување листа на европски вредности и стандарди според кои таа се препознава и идентификува;<br><br>- учениците читаат позначајни делови од документи на Европската унија во кои се изложени основни правила и | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| - Глобализација на медиите: вести, кино, ТВ, радио, реклама, електронска комуникација, Интернет<br><br>- Европа и нејзината интеграција (ЕУ)<br><br>- Институции на Европската унија<br><br>- Слобода , правда и безбедност во Европската унија<br><br>- Европски вредности и европски идентитет<br><br>- Колективни системи на безбедност<br><br>- Интеграцијата на Република Мекедонија во Европската Унија | | - да се оспособат да ги користат месмедиумите како извор на информации;<br><br>- да развијат критички однос кон масмедиумите;<br><br>- да ја објаснат причината за создавањето на Европската унија<br><br>- да ги идентификуваат европските вредности и европскиот идентитет<br><br>- да ги познаваат надлежностите на најважните институции на Европската унија<br><br>- да умеат да објаснат на кој начин Европската унија им обезбедува на своите граѓани слобода, правда и безбедност;<br><br>- да развијат чувство за заедништво на народите во Европа;<br><br>- да ги идентификуваат придобивките на Македонија како дел од Европската унија. | важни договори за создавањето на Унијата (Договорот во Париз-1951, Договорот во Рим - 1957, Договорот во Мастрихт 1992); | |

## Наставни методи и активности на учење

## Основни наставни методи

За реализација на целите на наставата по наставниот предмет ***граѓанска култура***, задолжително треба да се применуваат интерактивните форми и методи (техники на учење и активности).

Од интерактивните методи ќе се употребуваат: ***работа во групи, дискусии, дебати, бура на идеи, анализа на текст и документи, анализа на случај, петторед, грозд, призма, инсерт, ЗСНУ-табела, Венов дијаграм, Т листа***, но и традиционалните дидактички методи како: ***предавања, насочен разговор, учење наизуст***.

### Активности на ученикот

Активностите на ученикот произлегуваат од самите интерактивни методи што ќе ги примени наставникот при обработката на наставните содржини и активности. Учениците ќе идентификуваат проблеми, ќе дискутираат за нив, ќе спроведуваат лични и групни истражувања, ќе собираат информации од најразлични извори (од печатени и електронски масмедии, стручна литература, стручни лица и политичари), ќе анализираат членови од Уставот на Р. Македонија, закони, правилници, разни статистички податоци, ќе пишуваат извештаи, есеи, ќе изработуваат портфолио.

### Активности на наставникот

Интерактивните методи на учење од наставникот бараат да биде организатор, координатор, инструктор, човек со кој учениците ќе разменуваат искуства и мислења. Наставникот во одредени ситуации, каде што е можно треба да ги индивидуализира задачите што им ги задава на учениците, прилагодувајќи ги кон нивните интереси, интелектуални можности и очекувања.

Во процесот на реализација на наставната програма многу е важно, наставникот да ги мотивира и охрабрува учниците што повеќе да прашуваат и слободно да го искажуваат своето мислење.

## Организација и реализација на наставата по предметот

Наставата ќе се реализира на наставни часови вградени во неделниот распоред на часови. Наставникот треба да изготви годишен план, тематско планирање како и дневна подготовка. Учениците пак, ќе изработуваат индивидуални домашни задачи во врска со барањата од програмата.

## Наставни средства и помагала

### Наставни средства и помагала

Реализацијата на програмата бара примена на демонстративни наставни средства. Со нив на многу поедноставен начин можат да се изучуваат појавите од општествениот живот, но и да се развиваат: мислењето, заклучувањето и креативноста на учениците. Затоа во наставата треба да се применуваат ***тематски ѕидни и транспарентни слики, плакати, карикатури, стрипови, фотографии, шеми, табели, графикони, дијаграми, фотокопиран материјал; фолиотека; видео и аудиокасети***.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Увидот во напредокот на знаењата и способностите на учениците треба да биде планиран, систематски и перманентен. Истиот треба да се врши на различни начини (усно и писмено) со наменски изработени инструменти (тестови на знаења и прашалници). За постигањето на учениците наставникот треба да изготви стандарди, што треба да ги знаат и учениците, а и нивните родители. Со ваквиот приод во оценувањето ќе се развива и чувството на самокритичност во проценката на своите знаења.

# 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

## Основни карактеристики на наставникот

Наставникот што ќе ја реализира програмата по граѓанска култура треба да поседува лични и педагошки квалитети, а тоа подразбира: психолошки и физички здрава личност, комуникативен и отворен за соработка, да поседува ентузијазам, креативност, да биде елоквентен предавач и дидактички режисер на наставата, да ја сака педагошката работа, да има позитивен став кон нејзиното унапредување и способност за мотивирање на учениците и развивање на нивната самодоверба.

## Стандарди за наставен кадар

Наставта по граѓанска култура може да ја изведува наствен кадар со завршени студии по социологија.

## Стандарди за простор и опрема

Наставата по граѓанска култура треба да се изведува во училница (работилница) со следнава училишна инфраструктура:

- вообичаен инвентар: клупи, столчиња, табли обична, за апликации, екпограф;
- шкафови, витрини;
- графоскоп, видео и ТВ приемник;
- фотокопир;
- простор за чување на портфолијата.

## 7. ДАТА НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на изработка:** септември 2008 година

**Состав на работната група:**

1. Гордана Трајкова Костовска, советник, Биро за развој на образованието, Скопје
2. м-р Таше Стојановски, советник, Бирото за развој на образованието, Скопје
3. Зорица Ристевска Стаменковиќ, СУГС "Владо Тасевски",Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 1.9. 2008година

## 9. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по граѓанска култура за IV година за економска, правна и трговска струка во средното стручно образование ја донесе

Министер

Перо Стојановски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-7307/1
02.10 2008 год.
СКОПЈЕ

на ден ________________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
КАБИНЕТ НА МИНИСТЕРОТ
Бр. 07 - 244/3
23. 03. 2010 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 25. 03. 2010 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1005/1 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 22 став 1 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08 и 92/08), министерот за образование и наука донесе изменување и дополнување на Наставната програма по предметот *граѓанска култура* за IV година за економска, правна и трговска струка во средното стручно образование.

I. Во Наставната програма по предметот *граѓанска култура* за IV година за економска, правна и трговска струка во средното стручно образование бр. 11-7307/1 од 02.10.2008 година, на корицата називот на предметот „граѓанска култура” се заменува со називот „граѓанско образование”.

На страница 2 точка 1.1. во делот насловен: „Назив на наставниот предмет” зборовите „граѓанска култура” се заемнуваат со зборовите „граѓанско образование”.

На страница 3 точка 2 во делот насловен: „Цели на наставниот предмет” зборовите “граѓанска култура” се заменуваат со зборовите „граѓанско образование”.

На страница 5 во колоната “број на часови” бројот 18 се заменува со број 16.

На страница 7 во колоната “број на часови” бројот 15 се заменува со број 13.

На страница 11 во колоната “број на часови” бројот 14 се заменува со број 12.

Во наставната програма ,на страница 13 се додава следната нова тема Избори и избирачко право:

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички препораки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Изборите се основа на демократијата (Значење и функција на изборите) | 6 | Ученикот/ученичката:<br>- да знае дека изборите се столб на демократијата;<br>-да ја сфати важноста на почитување на правата и законите при спроведување на гласањето на избирачките места; | Дискусија на тема *Кој треба да гласа и кои позиции треба да подлежат на гласање*,<br>Интервју со лице кое било член на ДИК или набљудувач на изборен процес,<br>Анализа на извештај од изборен процес, | Уставно право<br>Устав на РМ<br>Изборен законик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изборни системи и видови избори<br><br><br><br><br>Избирачко право (преку кое се изразува народниот суверенитет) | | -да ги знае процедурите на гласање што обезбедуваат демократски избори;<br><br>-да прави разлика помеѓу активно и пасивно избирачко право;<br><br>-да се подигне свеста за правата и обврските како граѓани – избирачи;<br><br>- да расудува за одредени постапки при изборниот процес и да воочува предности и недостатоци; | Есејско прашање *Еден човек – еден глас*<br><br>Тимска работа *Анализа на кодексот за фер и слободни избори*,<br><br>Да спроведе тајно гласање за избор на претседател на младинска организација,<br><br><br>Посета на Собранието на РМ и дискусија со пратенички групи за парламентарните избори | |

На страница 13 во делот насловен „Основни наставни методи" зборовите „граѓанска култура" се заменуваат со зборовите „граѓанско образование".

На страница 15 точка 6 во делот насловен „Основни карактеристики на наставникот" зборовите „граѓанска култура" се заменуваат со зборовите „граѓанско образование".

На страница 15 во делот насловен „Стандарди за наставен кадар" зборовите „граѓанска култура" се заменуваат со зборовите „граѓанско образование".

Д. Хорватовиќ

II. На страница 15 по зборовите „Наставата по граѓанско образование може да ја изведува наставен кадар со завршени студии по социологија” се додаваат зборовите „Наставата по граѓанско образование може да ја изведува и наставен кадар со завршени студии по филозофија, педагогија и историја.”

III. Измените и дополнувањата на Наставната програма по предметот *граѓанско образование* за економска, правна и трговска струка во средното стручно образование од точка I ќе се применуваат од учебната 2010/11 година, а од точка II стапуваат во сила на денот на нивното потпишување.

IV. Потпис и датум на донесување на наставната програма

Измените и дополнувањата на Наставната програма по предметот *граѓанско образование* за економска, правна и трговска струка во средното стручно образование ги донесе

**МИНИСТЕР**

Никола Тодоров

Бр. 07-244/3

од 23.03. 2010 година

Скопје